Frederik Shopen 1/2, 1000 Skopje, Macedonia
+ 389 2 6156168, www.financethink.mk info@financethink.mk

# Оглас за вработување

Finance Think - Институтот за економски истражувања и политики, Скопје објавува слободно работно место во рамки на проект "Унапредување на активното вклучување на маргинализираните лица исклучени од пазарот на труд"со референтен број. 12-9137/1 финансиран од Европската Унија во рамките на ИПА- Програма за поттикнување на социјална инклузија. Проектот се спроведува во Македонија, а седиштето на проектниот тим е во Скопје.

## 1. За проектот

Целта на проектот е да се зголеми активацијата на лицата кај кои постои ризик од социјално исклучување од пазарот на трудот, преку подобрување на нивните вештини, образование, обука и олеснување на нивната целосна интеграција во општеството и пазарот на трудот.

## 2. Главни задачи и активности

- Организација и учество на настани во рамки на проектот
- Комуникација, средби и асистирање на вработени во општинските центри за социјална работа и агенции за вработување
- Комуникација, средби и асистирање на маргинализирани лица вклучени во проектот
- Учество во спроведување фокус групи и интервјуа со засегнатите страни
- Комуникација со работодавачи и релевантни институции за обезбедување пракса за маргинализираните лица вклучени во проектот
- Спроведување на активностите од планот за коминикација и видливост

## 3. Потребни вештини и квалификации

- Универзитетско образование во Социјална работа и политика
- Професионално искуство во работа со ранлива категорија граѓани од минимум две години или работа на проекти поврзани со оваа категорија лица
- Комуникативност
- Одлично познавање на англиски јазик
- Одлично познавање на MS Office

**Ќе се смета за предност:**

- Искуство во соработка со центрите за социјална работа, и НВО сектор
- Искуство во спроведување интервјуа и фокус групи со ранлива категорија граѓани
- Искуство во спроведување програми/проекти финансирани од ЕУ

## 4. Ангажман

30 часа неделно

## 5. Времетраење и место

15 месеци ( до август 2017 година) во канцелариите на Finance Think во Скопје.

## 6. Плата

24.000 денари (бруто плата)

Заинтересираните лица треба да достават CV и преглед на реализирани проекти во областа по електронски пат на info@financethink.mk најдоцна до 12 мај 2016 година, 16:00 часот. Првичната селекција ќе се спроведе врз основа на доставените апликации. Само избраните кандидати во втор круг ќе бидат повикани на интервју.